**ДП.бр.12-4-5-1**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ во состав од Кети Арсова извршител, како заменик Претседател на Дисциплинска комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Тања Милева од Апелационен суд Скопје, судија Јетмир Хамзаи од Апелационен суд Гостивар и Душица Димитриеска од Совет на Јавни обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка на РСМ Министерство за правда со УПП бр.09----- од 11.12.2024 година, против извршител С.П. од Т., согласно член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23) на ден 30.01.2025 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

На извршител С.П. од Т.именуван за подрачјето на Основен суд Т., му се изрекува привремена забрана за вршењето на должноста – суспензија.

Привремената забрана за вршење на должноста -суспензија на извршител С.П. од Т., стапува на сила веднаш со нејзиното донесување и трае се до правосилноста на одлуката за Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Образложение

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ постапувајќи по Предлог за поведување на дисциплинска постапка УПП бр.09-----од 11.12.2024 година на Министерството за правда, на главен претрес на ден 30.01.2025 година донесе Решение ДП 12-4-5/2025 со кое извршител С.П. од Т., именуван за подрачјето на Основен суд Т. со седиште на ул.-- бр.-- во Т., се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 8 од ЗИ: „не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти“ и член 64 став 1 алинеја 8 од ЗИ:„неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките.“ опишана во точка 1 од Предлогот, па му се изрекува дисциплинска мерка парична казна во висина од ---- евра во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на ден на изрекување. Извршителот С.П. од Т. сторил дисциплинска повреда по **член 66 став 1 алинеја 12 од Законот за извршување**: „незаконито располага со матерјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето“, опишани во точка 2 од Предлогот, па му се изрекува дисциплинска мерка **Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител**, па врз основа на секоја утврдена поединечна дисциплинска мерка му одмерува единствена дисциплинска мерка **Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.** Врз основа на член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување на извршителот С.П. од Т. му се изрекува суспензија се до правосилноста на одлуката за Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Од причина што беа исполнети законските услови, согласно член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување, Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ донесе одлука со која на извршителот С.П. од Т. му се изрекува суспензија се до правосилноста на одлуката за Трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 30.01.2025 година, одлучи врз основа на член 67 став 2 точка б) од Законот за извршување(„Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18,14/20 и 154/23), како во изреката на ова решение.

**Правна поука:** Против оваа одлука дозволена е тужба до Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по прием.

Д.Н. : Извршител С.П., Т.
Претседател на КИРСМ
Извршител А.К. од Г., заменик извршител на извршител С.П.
Министерство за правда на РСМ
Претседател на Основен суд Т.
Архива

**Дисциплинска комисија при КИРСМ**
Заменик Претседател,
Кети Арсова

-----------------------------------------------